РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ
Бр. УПИ 32-713/2026
17.02. 2026 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
Примено: 23.02.2026
01 | 68/1

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната („Службен весник на РМ“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија “ бр. 96/19, 110/19, 154/19 и 121/24) и член 70 став (6) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и бр.132/25), а во врска со Одлуката за избор на национални установи во 2026 година на кои работењето ќе се финансира со делегиран буџет бр. 53-997/1 од 30.01.2026 година, министерот за култура и туризам го донесе следново:

# РЕШЕНИЕ

1. Со ова решение се утврдува висината на финансиските средства за работа на Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј–Штип за 2026 година во износ од 6.245.000 (шест милиони двесте четириесет и пет илјади) денари од кои:

а) 4.160.000 денари од буџетските средства во програма 50, заштита на недвижно културно наследство, и расходна ставка 464 - разни трансфери на Министерството за култура и туризам;
б) 1.850.000 денари од буџетските средства во програма 80, музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство и расходна ставка 464 - разни трансфери на Министерството за култура и туризам;
в) 235.000 денари од буџетските средства во програма 60, визуелни уметности архитектура и дизајн и расходна ставка 464 -разни трансфери на Министерство за култура и туризам.

2. Министерството за култура и туризам ќе учествува во финансирањето на трошоците за електрична енергија и комунални услуги на установата и висината на истите ќе биде утврдена со посебен Договор, склучен меѓу Министерството за култура и туризам и установата.

3. Директорот на Националната установа Марија Причкова Митева е должен во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение, а по претходна согласност на Управниот одбор на националната установа, да ја донесе Годишната програма за работа на установата за 2026 година.

4. Министерството за култура и туризам и директорот на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Штип ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на Националната

установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Штип за 2026 година.

5. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 70 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија " бр.265/24 и бр.132/25), директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година до Министерството за култура и туризам доставува нацрт годишна програма за работа на установата. Во нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за: програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат и средствата кои националната установа планира да ги оствари по други основи како сопствени приходи, приходи од услуги и донации. Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура и туризам на ден 05.06.2025 година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за Националните установи од областа на културата за доставување Нацрт годишна програма за 2026 година.

Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Штип со Допис бр. УП1 32-713 од 30.06.2025 година, Допис бр.УП1 32-713 од 10.12.2025 година, Допис бр.УП1 32-713 од 31.12.2025 година, Допис бр.УП1 32-713/2025 од 14.01.2026 година, и Допис бр.УП1 32-713/2025 од 30.01.2026 година и до Министерството за култура и туризам достави Нацрт годишна програма за работа на националната установа за 2026 година.

Министерот за култура и туризам донесе Одлука за избор на национални установи во 2026 година на кои работењето ќе се финансира со делегиран буџет бр.53-997/1 од 30.01.2026 година.

Согласно член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите содржани во нацрт- годишната програма одлучува министерот за култура и туризам на предлог на комисиите, односно надворешните соработници од членот 11 став (5) од овој закон, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија.

Согласно членот 70 став (6) од Законот за културата, по исклучок од член 70 став (5) од законот, за одредени национални установи кои во изминатата година покажале исклучителни резултати во работењето, министерот за култура и туризам во рок од 15 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија одлучува

само за висината на финансиските средства за работа на националната установа, а не и за проектите содржани во нацрт-годишната програма.

Согласно со член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа на националната установа ја донесува директорот на установата, по претходна согласност на управниот одбор во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

Согласно со член 70-а од Законот за културата, Министерството за култура и туризам и директорот на националната установа склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура и туризам одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова Решение во рок од 30 дена од денот на неговото доставување може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ - MINISTRIA E KULTURËS DHE E TURIZMIT
Скопје-Shkup

МИНИСТЕР

Зоран Љутков

Доставено до:

-националната установа

- архивата на Министерството за култура и туризам

Одделние за недвижно културно наследство и заштита на аудиовизуелните добра
Подготви: Марина Тасева, Советник
Провери: м-р Елена Павлова, Раководител на одделение
Одобри: м-р Оливера Ливриниќ, Раководител на сектор
Согласен: Диме Маџовски, Државен советник

Одделение за музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство
Подготви: Ibush Abazi, Советник
Провери: Давча Спасова, Раководител на одделение
Одобри: м-р Оливера Ливриниќ, Раководител на сектор
Согласен: Afed Jashari, Државен советник

Одделение за визуелни уметности архитектура и дизајн
Подготви: м-р Мариела.М.Аџигова, советник
Провери: Александра Север, раководител на одделение
Согласен: м-р Маја Седрак, раководител на сектор